РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-1119/1
18-11 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

НУ Национален Археолошки музеј
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на член 6 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Северна Македонија бр.259/24), како и добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.19-8224/2 од 12.11.2026 година, НУ Национален Археолошки музеј го објавува следниот:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/26

за унапредување на 1 (едно) помошно техничко лице за следното работно место:

Домаќин – (1) еден извршител, шифра КУЛ 04 01 Б02 003, во одделение за административни општи и правни работи и човечки ресурси, сектор за административни општи и правни работи.

Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

Општи работни компетенции:

- Решавање на проблеми и одлучување на работи во својот делокруг;
- Учење и развој;
- Комуникација;
- Остварување на резултати;
- Работење со други/тимска работа;
- Стратешка свест;
- Ориентираност кон странките/засегнати страни;

Распоред на работно време:
Работни денови- Понеделик-Петок;
Работни часови-неделно: 40;
Работно време од 08:00 до 16:00 часот.

Паричен нето износ на плата: **39.694,00 денари**

На интерниот оглас може да се јават вработени во НУ Национален Археолошки музеј, кои ги исполнуваат горенаведените општи и посебни услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во актот за систематизација на работни места, како и:
- да е на работно место на непосредно пониско пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество на интерниот оглас имаат сите вработени во НУ Национален Археолошки музеј кои ги исполнуваат горенаведените општи и посебни услови и работни компетенции.

Кандидатите пријавата со потребните документи треба да ја достават во рок од пет дена сметано од денот на објавување на огласот на веб страната на НУ Национален Археолошки музеј
Заинтересираните кандидати за работното место потребно е да ги достават следните документи:

- Пополнета пријава за унапредување;
- Уверение за државјанство
- Уверение за општа здравствена способност
- Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за завршено образование
- Доказ за работно искуство во струката

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, од денот на објавување на огласот.
Кандидатите, пријавата со потребната документација и доказите за податоци содржани во пријавата, да ја достават преку архивата на НУ Национален Археолошки музеј, со назнака за интерен оглас број 02/2026.
Ненавремена, нецелосна и неуредно пололнета прија, нема да биде предмет на разгледување.

НУ Национален Археолошки музеј
Директор
Магдалена Манаскова